Врз основа на член 62 став 1 од законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен Весник на РСМ" бр.202/24) и член 19 став 2 точка 8 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 53-та седница одржана на ден 28.11.2024 година донесе:

# П Р О Г Р А М А
# ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2025 ГОДИНА

Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Берово за 2024година е основа по која ќе се врши уредување на градежното земјиште и опфаќа:

1.Просторот кој е предмет на уредување и обем на уредување

2.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура

3.Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и негова распределба и пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште

4.Определување на цената на градежното земјиште при решавање на имотно правни односи за потребите за уредување градежно земјиште

5.Динамика на извршување на Програмата

6.Преодни и завршни одредби

7.Трошоци за уредување на градежно,односно намена на средства по објекти и области

8.Изворни приходи

## 1.Просторот кој е предмет на уредување и обем на уредување

1,1 Уредување на градежно земјиште во 2025 година ќе се врши во градот Берово,на подрачјето опфатено со детален урбанистички план на градот, сите населени места во Општина Берово и туристичките населби „Суви лаки"и„Беровско езеро".

- На сите поединечни локации на поранешни сопственици со утврдено прединствено право на користење на тоа земјиште и на сите сопственици кои правото на користење го трансформирале во право на сопственост согласно новиот Закон за градежно земјиште,во согласност со намените утврдени во Генералниот и Деталниот урбанистички план на градот по обезбедена урбанистичка градежна документација и склучен договор за уредување на градежно земјиште со Одделението за комунални дејности и заштита на животната средина на Општина Берово.

- На сите локации дадени под концесија, долготраен или краткотраен закуп од страна на Република Македонија врз основа на спроведена постапка согласно Законот за градежно земјиште , за намените утврдени со Деталниот урбанистички план на градот.

1.2 Уредување на градежно земјиште за изградба на објекти надвор од урбаниот опфат и во случаи кога уредувањето не е предвидено со Програмата, го врши инвеститорот на сопствен трошок.

## 2.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура

2.1Градежното земјиште за локациите од точка 1.1 на оваа програма ќе се уреди со комплетна комунална инфраструктура(основна уреденост ),на следниот начин:

- Изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат
- Изградба на водоводна мрежа
- Изградба на фекална канализација
- Изградба на електрична мрежа

2.2 За повисок степен на уреденост од основниот, потребно е изградба на следната инфраструктура:

- Изградба на ПТТ мрежа
- Изградба на топлификациона мрежа

- Изградба на улици,тротоари и паркинзи
- Изградба на атмосферска канализација
- Изградба на улично осветлување
- Изградба на гасоводна мрежа
- Изградба на пречистителна станица за отпадни води

2.3 Доколку земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен на уреденост определен во точка 2.1 од програмата се утврдува како понизок степен на уреденост.

**3.Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште**

Надоместокот за уредување на градежно земјиште се определува до висина на реалните трошоци за уредување – целосен надоместок во следниот износ:

3.1 За локации со основен степен на уреденост:

- Геодетски работи ------------------------------------------------- 20ден/$м^2$
- Проектирање ------------------------------------------------- 30ден/$м^2$
- Улица(пробиена) ------------------------------------------------- 300ден/$м^2$
- Водовод ------------------------------------------------- 150ден/$м^2$
- Канализација ------------------------------------------------- 150ден/$м^2$
- Електрична мрежа ------------------------------------------------- 400ден/$м^2$

ВКУПНО 1.050,00ден/$м^2$

3.2 За локации со повисок степен на уреденост:

- Геодетски работи ------------------------------------------------- 20ден/$м^2$
- Проектирање ------------------------------------------------- 30ден/$м^2$
- Улица(асфалт) ------------------------------------------------- 470ден/$м^2$
- Водовод ------------------------------------------------- 150ден/$м^2$
- Канализација ------------------------------------------------- 150ден/$м^2$
- Електрична мрежа ------------------------------------------------- 400ден/$м^2$

ВКУПНО 1.220,00ден/$м^2$

3.3 За локации со повисок степен на уреденост од степенот утврден со точките 3.1 и 3.2 се плаќа надоместок од точка 3.2 (вкупниот износ) зголемен за 1% за секој повисок степен на уреденост од точка 2.2 на оваа програма.

3.4 Надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловни и јавни објекти за основниот степен на уреденост изнесува:

- Прва зона во Берово --------------------------------- 1.550,00 ден/$м^2$
- Втора зона во Берово --------------------------------- 1.400,00 ден/$м^2$

3.5 Надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловен простор определен во точка 3.4 од оваа програма за повисок степен на уреденост на градежното земјиште се зголемува за 1% од утврдената цена за секој нареден степен на уреденост.

**3.6 За објекти во Берово и населените места од група на класи на намени Б5 – угостителски и туристички комплекси,хотелски комплекси и одмаралишта, и за објекти од група на класи на намени А1.6 и А4 – хотел,мотел,времено сместување во викенд куќи,планинарски дом и ловен дом: изнесува 32.000,00 ден./$м^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост “ и оваа Програма.**

**3.7 За туристичка населба „Суви Лаки“ и туристичка населба „Беровско Езеро“ ќе се наплатува за следните видови објекти : . За индивидуални станбени згради и викенд куќи-**

**24.000,00 ден./м$^2$ , За јавните објекти како што се: училишта , здравствени објекти (здравствени станици, амбуланти и друго.), објекти од обласа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 28.000,00 ден/ м$^2$ и За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 32.000,00 ден/м$^2$нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост “ и оваа Програма.**

**. За други објекти:**

- **катни гаражи ............................................ 8.000,00 ден/м$^2$**
- **спортски покриени објекти .......................... 20.000,00 ден/м$^2$**
- **отворени пазаришта 20% од површината по 30.000,00 ден/м$^2$**

**3.8 Надоместокот за уредување на градежно земјиште определен во точка 3.6 и 3.7 од оваа програма за повисок степен на уреденост на градежното земјиште се зголемува за 1% од уредената цена за секој нареден степен на уреденост.**

**3.9 Надоместокот за уредување на градежно земјиште за:**

- **Надоместок за поставување на столб за електронски комуникациски мрежи на јавна површин ................................................ 15.000,00 ден/пар**
- **Надоместок за поставување на надземен кабел за електронски комуникациски мрежи ........................................................ 100,00 ден/м/**
- **Надоместок за поставување на столб за високонапонска мрежи на јавна површина ...............................................15.000,00 ден/парче**
- **Надоместок за поставување на надземен кабел за високонапонска мрежа ................................................. 500,00 ден/м/**
- **Надоместок за поставување на столб за ниско напонска мрежа на јавна површина ............................................... 6.000,00 ден/парче**
- **Надоместок за поставување на надземен кабел за нисконапонска мрежа .....................................100,00 ден/м/**
- **Надоместок за поставување на ормари на јавни површини ........... 10.000,00 ден/парче**
- **Надоместок за реконструкција-поставување на столб за ниско напонска мрежа на местото на стари,дотраени столбови на јавна површина .................................... ... 3.000,00 ден/парче**
- **Надоместок за поставување на фотонапонски панели на покрив од објект изнесува ....................................... 50,00 ден/**м$^2$ .

**3.10Начин на пресметување на површинте за одредување надоместок за уредување на градежно земјиште**

(1) Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно точка 2 на ова програма, се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект, помножен со следните коефициенти:

**1. Стамбени објекти**

| | | |
|---|---|---|
| -стамбени простории | --------------------------- | 1,0 |
| -стамбени простории со висина до 2,50 m подпокривен простор | ------- | 0,2 |
| - лоѓија затворена од три страни | ------------------------ | 0,4 |
| -подлоѓија затворена од две страни | ------------------------ | 0,3 |
| -балкони,тераси | ----------------------- | 0,2 |
| -заеднички проодни тераси,пасажи | ------------------------ | 0,2 |
| -помошни простории,остава за гориво,котлара,визба | ----------------- | 0,3 |
| -трафостаници до 35кв во објекти и надвор од објекти | --------------- | 0,3 |
| -скалишен простор и заеднички комуникации | ------------------- | 0,3 |

-стражарници,управител,простории за домар --------------------- 0,5
-паркиралишта и гаражи ----------------------- 0,1

**2. Деловни и јавни објекти**

-простории ----------------------------------- 1,0
-магацини ------------------------------------ 0,5
-помошни простории,остава за гориво,котлара -------------------- 0,3
-трафостаници од 35кв во објект и надвор од објект ----------------- 0,4
-скалишен простор и заеднички комуникации --------------------- 0,5
-паркиралишта и гаражи ----------------------- 0,1
- лоѓија затворена од три страни ------------------------- 0,5
-подлоѓија затворена од две страни ------------------------- 0,4
-балкони,тераси ------------------------ 0,3
-отворен наткриен простор ------------------------- 0,3

**3. Други објекти**

-катни гаражи ------------------------------------------- 0,05
-спортски покриени објекти ----------------------------- 0,5
-спортски откриени објекти ------------------------------ 0,3
-гасни станици и базни станици за 50% од површина на локација 1,0
-отворени пазаришта за 30% од површина на локацијата ----------- 1,0
-базени ----------------------------------------- 0,2
-трафостаници над 35 кв ----------------------------------- 1,0

**4.За објекти од група на класи на намени Г – производство,дистрибуција и сервиси**

-Г1 тешка и загадочна индустрија --------------------- 0,05
-Г2 лесна индустрија ---------------------- 0,01
-Г3 сервиси --------------------- 0,01
-Г4 стоваришта --------------------- 0,01

**5.За бензиска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници,кафетерии и ресторани,авто сервиси,авто салони,помошни простории):**

-продажни простории на бензинските пумпни станици ----------- 1,0
-услужни простории на бензинските пумпни станици ----------- 1,0

**6. За објекти од група на класи на намениБ5 – угостителски и туристички комплекси,хотелски комплекси и одмаралишта, и за објекти од група на класи на намени А1.6 и А4 – хотел,мотел,времено сместување во викенд куќи,планинарски дом и ловен дом:**

-сите простории -------------------------- 0,05

**7. За детски градинки,пензионерски домови и домови за стари лица:**

-сите простории -------------------------- 0,05

**8.За објекти за високо образование:**

-сите простории -------------------------- 0,5

**9. За објекти за културата:**

-сите простории -------------------------- 0,01

**10. За објекти за терцијална здравствена заштита:**

-сите простории -------------------------- 0,05

**11.За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори( биогориво,биомаса,геотермална енергија и хидроенергија). 0,01**

**12. За објекти за производство на електрична енергија одсончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела. 0,01**

**(2) По исклучок од став (1) на овој член,во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметуваат површините на :**

-инсталациони канали
-окна за лифтови
-окна за врати
-отворени паркиралишта и
-подземни резервоари

-објекти заштитени како културно наследство.

**( 3) За објектите од став 1 со висина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27 % од вкупно пресметаната површина согласно став (1) и (2) од овој член. Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27%од вкупно пресметаната површина согласно став(1) и(2)од овој член и за други објекти од став(1)на овој член без оглед на нивната височина,кои се наоѓаат на истата градежна парцела во која е предвидена изградба на објекти со височина над 32 ката.**

**( 4) За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина, согласно став(1) и (2) од овој член (5) За објектите од група на класи на намена Г – производство,дистрибуција и сервиси,висината на трошоците за уредување на градежното земјиште неможе да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година,помножена со коефициентите опишани во став (1) точка 4 од овој член.**

**(6) За линиски инфрастуктурни објект – државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35КВ како, и за брани со акомулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа, и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината, согласно член 67-а став(1) од законот за градење, а инвеститор е општината не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште**

**(7) За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво,биомаса,геотермалнаенергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година,помножена со коефициентот утврден во став(1) точка 11 од овој член.**

**(8) За објектите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година,помножена со коефициентот утврден во став(1) точка 12 од овој член.**

**(9) За објектите за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.**

**3.11.„Надоместок за уредување на градежно земјиште за населени места во Општина Берово”**

**3.11.1**. За населените места Смојмирово, Мачево, Будинарци и Митрашинци кои имаат УДС ќе се наплатува за следните видови објекти :

1. За индивидуални станбени згради -400,00 ден./м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост “ и оваа Програма.
2. За јавните објекти како што се: училишта , здравствени објекти (здравствени станици, амбуланти и друго.), објекти од областа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 700,00 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините, на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација , помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.
3. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 700,00 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите

на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување за трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост “ и оваа Програма.

4.За други објекти:

- катни гаражи .............. 200,00 ден/м$^2$
- спортски покриени објекти .......................... 500,00 ден/м$^2$
- отворени пазаришта 20% од површината по 700,00 ден/м$^2$

| Населено место | Улица – јавен пат | Водовод | Канализација | Ел.мрежа | Вкупен износ ден/ м$^2$ |
|---|---|---|---|---|---|
| | 50% | 15% | 15% | 20% | |
| Смојмирово | + | + | + | + | 400/700 |
| Мачево | + | + | + | + | 400/700 |
| Будинарци | + | + | + | + | 400/700 |
| Митрашинци | + | + | + | + | 400/700 |

**3.11.2** . За населените места: Ратево, Русиново, Владимирово и Двориште кои имаат Општ акт ќе се наплатува за следните видови објекти.

1. За индивидуални станбени згради -400,00 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.
2. За објекти од јавен карактер како што се: училишта, здравствени објекти ( болници, клиники , здравствени станици, амбуланти, и друго), објекти од обласа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството. Надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува.700,00ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно оверена проектна документација помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа програма.
3. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 700,00 ден м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

4. За други објекти :

- катни гаражи ............ 200,00 ден/м$^2$
- спортски покриени објекти .................. 500,00 ден/м$^2$
- отворени пазаришта 20% од површината по 700,00 ден/м$^2$

| Населено место | Лица – јавен пат | Водовод | Канализација | Ел.мрежа | Вкупен износ ден/ м$^2$ |
|---|---|---|---|---|---|
| | 50% | 15% | !5% | 20% | |
| Ратево | + | + | + | + | 400/700 |
| Русиново | + | + | + | + | 400/700 |
| Владимирово | + | + | + | + | 400/700 |
| Двориште | + | + | + | + | 400/700 |

**3.11.3.** За туристичка населба „Суви Лаки“ и туристичка населба „Беровско Езеро“ ќе се наплатува за следните видови објекти :

1. За индивидуални станбени згради и викенд куќи-24.000,00 ден./м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост “ и оваа Програма.
2. За јавните објекти како што се: училишта , здравствени објекти (здравствени станици, амбуланти и друго.), објекти од областа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 28.000,00 ден/ м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините, на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација , помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.
3. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 32.000,00 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување за трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост “ и оваа Програма.
4. За други објекти:

- катни гаражи ............................................. 8.000,00 ден/м$^2$
- спортски покриени објекти .......................... 20.000,00 ден/м$^2$
- отворени пазаришта 20% од површината по 30.000,00 ден/м$^2$

| | Улица --- јавен пат | Водовод | Канализација | Ел.мрежа | Геодетски работи и проектирање | Населено место |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 40% | 15% | 15% | 20% | 10% | |
| „Суви Лаки“ | + | - | - | + | + | 16.800/22.400 |
| „Беровско Езеро“ | + | + | + | + | + | 24.000/32.000 |

**4.Определување на цена на градежно земјиште при решавање на имотно правни односи за потребите за уредување на градежно земјиште:**

4.1 Експропријација на градежно земјиште при решавање на имотно правни односи за реализација на ДУП, надоместокот односно вредноста по м$^2$ се утврдува од страна на овластен проценител во зависност од зоната во која се наоѓа земјиштето.

4.2 Надоместок за трошоци за извршени прекопи и надзор на јавни прометни површини (коловози, тротоари, плоштади и зелени површини) за поставување на мрежи и водови за пренос на електрична енергија, електронски комуникациски мрежи, водоводни и канализациони мрежи и други се утврдува ценаод ............................................... 1.500,00 ден/м$^2$

**Прва зона во Берово го опфаќа просторот меѓу улиците „Маршал Тито“од двете страни од зградата на МВР до Манастирот Свети Архангел Михаил,улица“ улица „Партизанска“од двете страни до раскрсницата со улица „Задарска“,улица„Задарска“ од двете страни до раскрсницата со улица „23тиАвгуст“, улица „23тиАвгуст“ до раскрсницата со улица „Моша Пијаде“, улица „Моша Пијаде“ од оваа раскрсница до Манастирот Свети Архангел Михаил“, улица„Илинденска“ од раскрсницата со улица„Маршал Тито“ дораскрсницата со улица„Страшо Пинџур“ и улица„ Страшо Пинџур“ од раскрсницата со улица „Илинденска“ до раскрсницата со улица„Дедо Ило Малешевски“.**

**5.Динамика на извршување на Програмата.**

Динамиката на извршување на работите на уредување на градежното земјиште предвидени во програмата ќе се одвива во зависност од наменските средства кои ќе се соберат во Буџетот на Општина Берово.

**6.Преодни и завршни одредби**

6.1 Надоместокот за уредување на градежно земјиште за доградби и надградби во Општина Берово изнесува 50% од надоместокот утврден во точка 3 од Програмата.

6.2 (1) Доколку со изградбата на објекти предвидено е отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела,при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти но не помолку од 20% од висината на надоместокот за новиот објект .

(2) Во случаите од предходниот став на оваа подточка,површините на подпокривен простор, лоџија, подлоџија, балкони, тераси, заеднички преодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

6.3Надоместокот за уредување на градежно земјиште на инвеститорот инвеститорите кои до влегување во сила на оваа Програма инвестирале во инфраструктурна мрежа за сопствени објекти ќе се намали за износот на средствата со кои учествувал инвеститорот за односната мрежа,врз основа на доставен финансиски документ од изведувачот на работите,односно проценетата вредност на извршените работи.

Во случај кога градежното земјиште не е уредено,односно делумно е уредено, инвеститорот на објектот плаќа надоместок до висината на реалните трошоци за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

6.4 Надоместокот за уредување на градежно земјиште се плаќа за површина предвидена со заверен главен проект.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува врз основа на проект доставен од Одделението за урбанизам до Одделението за комунални работи и заштита на животна средина кој со инвеститорот на објектот склучува договор за начинот на плаќање и уредување на меѓусебните права и обврски.

6.5 За пренамена на станбен во деловен простор се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште во износ на разликата меѓу платениот надоместок за уредување на градежно земјиште за станбен простор и надоместокот за деловен простор.

6.6 Во уредувањето на градежното земјиште учествува општината,како и субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата.

Во случај кога неуредено,односно делумно уредено градежно земјиште ќе се доуредува,надоместокот го плаќаат корисниците на објектите на инфраструктурата и субјектите кои стопанисуваат со нив.

Трошоците за приклучок на инфраструктурните мрежи ,како и таксите за приклучоци ги сноси инвеститорот на објектот во договор со соодветниот носител на инфраструктурната мрежа.

6.7 Во оваа програма надоместокот е пресметуван со вредност на еврото од 61 денар за 1 евро.При секоја промена на курсот на денарот во однос на еврото ќе се применуваат износите на надоместоците и цената на градежното земјиште во денарска противвредност на еврото според средниот курс на Народната банка на Република Македонија.

6.8 Надоместокот за уредување на градежно земјиште се плаќа во текот на постапката на издавањето на одобрението за градење.

Без платен надоместок за уредување на градежното земјиште не може да се издаде одобрение за градење .

6.9 Трошоците за дислокација на инфраструктурните мрежи и за изградба на пристапи,потпорни зидови и сл.паѓаат на товар на инвеститорот на објектот.

6.10 Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник”на општина Берово.

Бр.09-3954/1
28.11.2024 година
Берово

СОВЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО
Претседател
с.р.Петар Ружински